**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи по предлогот на должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД ДООЕЛ узвоз-увоз Кавадарци со седиште на ул. Шишка бр. 55в Кавадарци со ЕМБС: 7064675 и ЕДБ: 4011015512578 , како предлагач за отворање на стечајна постапка над должникот , на рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка во присуство на полномошникот на предлагачот-должник Адвокат Стево Меноски од Скопје и привремениот стечаен управник Зоран денковски од Куманово , на ден 06-05-2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД ДООЕЛ узвоз-увоз Кавадарци ,од 25-03-2025 година, **се усвојува.**

**Се отвора стечајна постапка** над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД ДООЕЛ узвоз-увоз Кавадарци со седиште на ул. Шишка бр. 55в Кавадарци со ЕМБС: 7064675 и ЕДБ: 4011015512578 , со трансакциски сметки број 250010101831632 што се води при Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, број 300040000154846 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје и број 500000001159371 што се води при Стопанска Банка АД Битола, со приоритетна дејност - неспецијализирана трговија на големо -со означена шифра 46.90, во 14,00 часот.

**За стечаен управник** се определува лицето Зоран Денковски овластен стечаен управник од Куманово ул. Абдула Прешова бр.21 регистриран како Агенција за финансиско сметководствени услуги, проценка и стечај Денковски Илија Зоран ТП ПЕРСПЕКТИВА 5, број на телефон 070-258-208, e-mail: persepktiva5t@t-home.com.

**Се повикуваат** доверителите да ги пријават своите побарувања како и своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги, да назначат на кои предмети постои разлачно право, начинот и основот на засновање на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата, во рок од 15 дена од објавувањето на решението во Службен Весник на РСМ, на адреса на стечајниот управник со приложена уплатница од 480,00 денари на име судски такси трезорска сметка 100000000063095, НБ на РСМ, уплатна сметка 840-132-03359, приходна шифра 722213, програма 00, начин 2-за физички лица а за правни лица уплатна сметка 840-132-03358, приходна шифра 722211, програма 00, начин 2.

**Се повикуваат** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот а на стечајниот управник.

**Се определува** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар Централен Регистар на РСМ и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите, кои се должни по службена должност врз основа на доставените решенија да го забележат отворањето на стечајната постапка и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**Се закажува рочиште за испитување на побарувањата** на доверителите-испитно рочиште за на ден 16-06-2025 година во 11,00 часот во судница бр.2 на Основен Суд Кавадарци.

**Се закажува собрание на доверители на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник** ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка-извештајно собрание за на ден 16-05-2025 година во 11,30 часот во судница бр.2 на Основен Суд Кавадарци.

**Да се известат** доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка, кој се објавува на огласна табла на судот , во Службен Весник на РСМ, како и во два

дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на РСМ а решението да се достави до Централен Регистар на РСМ и АКН Скопје Одделение во Кавадарци.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД ДООЕЛ узвоз-увоз Кавадарци во својство на предлагач преку својот полномошник Адвокат Стево Меноски од Скопје , со предлог доставен до овој суд на 25-03-2025 година, наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот , повикувајќи се дека сметката на должникот е блокирана подолго од 45 дена.

Во предлогот од страна на предлагачот е наведено дека должникот е инсолвентен односно неспособен за плаќање од причина што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 дена од нивното пристигнување .

Кон предлогот , предлагачот има доставено , Тековна состојба бр. 0805-50/15012025000З886 од 14-02-2025 година на ЦР на РСМ, Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр. 0813-50/15012025000З887 од 14-02-2025 година на ЦР на РСМ, фотокопија од лична карта на име Глигор Илиев со рег.бр. А2536051 издадена од МВР Кавадарци.

Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка во смисла на одредбата од чл.54 ст.1 и донесе решение СТ.бр.9/25 од 03-04-2025 година со кое поведе претходна постапка а со цел да се проверат наводите на должникот-предлагач дали се исполнети условите за отварање на стечајна постапка децидно наведени во чл.5 од Законот за стечај.

Судот со донесеното решение од 03-04-2025 година одлучи да определи привремен стечаен управник а во смисла на одредбата од чл.58 ст.1 и ст.2 т.1 од Законот за стечај, кој ќе ја испита економско финансовата состојба кај должникот и посебно дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали истиот е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и евентуалните побарувања на доверителите.

Судот закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка за на ден 06-05-2025 година и објави оглас во Службен Весник на РСМ и тоа во број 80 од 16-04-2025 година, го објави решението од 03-04-2025 година на огласната табла на судот , во Централен Регистар на РСМ и го достави до должникот и до сите институции.

На ден 06-05-2025 година во судот привремениот стечаен управник во судот достави Извештај за економско финансовата состојба на должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот со повеќе докази и прилози.

Примерок од Извештајот за економско финансовата состојба на должникот , привремениот стечаен управник има доставено до должникот а преку неговиот полномошник .

На закажаното рочиште по предлогот за на ден 06-05-2025 година беа пристни полномошникот на должникот и привремениот стечаен управник .

На ова рочиште полномошникот на должникот како подносител на предлогот за отворање на стечајната постапка си остана при предлогот наведувајќи дека должникот не ја извршува својата дејност веќе од 2020 година предлага судот да ги изведе сите докази и да отвори стечајна постапка над должникот и изјави дека во целост го прифаќа извештајот изготвен од привремениот стечаен управник.

Судот ги изведе предложените докази преку увид во : предлог за поведување на стечајна постапка доставен во судот на ден 25.03.2025 год, тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на транскациски сметки со бр.0813-50/1501202500038887 од 14.02.2025 год, податоци за учесникот во платниот промет(тековна состојба) од НЛБ Банка АД Скопје, во Тековна состојба бр. 0805-50/15012025000З886 од 14-02-2025 година на ЦР на РСМ, Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр. 0813-50/15012025000З887 од 14-02-2025 година на ЦР на РСМ,

фотокопија од лична карта на име Глигор Илиев со рег.бр. А2536051 издадена од МВР Кавадарци, известување бр.1104-220/1 од 15.01.2025 год, оглас објавен во Службен Весник бр.80 од 16.04.2025 год, извештај за економско финансиската состојба на должникот изготвен од привремениот стеч. управни Зоран Денковски примен во судот на 06.05.2025 год со следните прилози: известување бр.0609-29/16 од 14.04.2025 год на ЦР-РСМ, листинг од обработена годишна сметка бр.0906-50/151020250001226 од 14.04.2025 год, преглед на податоци од годишната сметка за 2019 год, потврда бр.12.1.6.7-95/25 од 29.04.2025 год на МВР-ОВР Кавадарци, известување бр.0820-24/23 од 14.04.2025 год на ЦР-РСМ, уверение бр.1108-147/2025 од 14.04.2025 год на АКН, потврда бр.08-1388/2 од 10.04.2025 год на Централен депозитар на хартии од вредност АД Скопје, потврда за издадена информација од заложен регистар на ЦР-РСМ од 14.04.2025 год, се врши увид во списите на предметот СТ.бр.29/23 на овој суд, па ја утврди следната фактичка состојба:

Должникот е регистриран на ден 09-09-2015 година под назив Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-ГИ ЛОГИСТИК ТРЕЈД ДООЕЛ узвоз-увоз Кавадарци со седиште на ул. Шишка бр. 55в Кавадарци со ЕМБС: 7064675 и ЕДБ: 4011015512578, со приоритетна дејност - неспецијализирана трговија на големо.

Должникот своето финансово работење го одвивал преку вкупно три трансакциски сметки и тоа трансакциски сметки бр. 250010101831632 што се води при Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, број 300040000154846 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје и број 500000001159371 што се води при Стопанска Банка АД Битола, кое нешто се утврдува преку увид во Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр. 0813-50/150120250003887 од 14-02-2025 година на Централен Регистар на РС Македонија.

Основач -сопственик на должникот согласно податоците од Тековната состојба на должникот е лицето Глигор Илиев од Кавадарци а должникот нема запишано управител а согласно податоците во Тековна состојба бр. 0805-50/150120250003886 од 14-02-2025 година.

Должникот преку својот сопственик на ден 25-03-2025 година поднел предлог за отворање на стечајна постапка над должникот и бил заведен под работен број СТ.бр.9/25 и судот во смисла на одредбите од чл.53 од Законот за стечај на ден 25-03-2025 година донел решение со кое го задолжил доверителот во својство на предлагач да ги авансира трошоците за водење на претходна постапка.

Откако доверителот ги авансирал трошоците судот со решение од 03-04-2025 година поведе претходна постапка и определи мерки за обезбедување децидно наведени во изреката на решението.

На ден 06-05-2025 година, привремениот стечаен управник во судот депонира Извештај за економско финансовата состојба на должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот со повеќе приложени докази.

Во извештајот привремениот стечаен управник констатирал преку увид во Тековна состојба за должникот добиена преку Централен Регистар на РСМ дека правната форма на должникот е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице со основна главнина во износ од 5000 евра како непаричен влог.

Привремениот стечаен управник во изготвениот извештај констатирал дека од увидот во приложените докази во стечајниот предмет, посебно од увидот во доказите добиени од надлежните институции и други докази прибавени во претходна постапка констатирал дека :

Привремениот стечаен управник констатирал дека должникот за доставувал завршни пресметки во Управа за јавни приходи заклучно со 2019 година а дека во периодот од 2020 година па до сега нема доставувано завршни сметки при што привремениот стечаен управник извршил анализа на обработена годишна сметка за 2019 година и за 2018 година.

Привремениот стечаен управник констатирал дека податоците за финансиската состојба на должникот претежно се засновале на преглед на податоци за годишна сметка за 2019 година која ја добил преку поднесено барање до Управа за јавни

приходи.

Привремениот стечаен управник констатирал дека должникот во 2018 година искажал загуба во работењето и тоа во висина од 4.872.258,00 денари а во текот на 2019 година искажал ниски резултати односно добивка пред оданочување во висина од 37.325,00 денари.

Констатирал дека должникот имал воспоставено залог на трговска стока во корист на заложниот доверител Стопанска Банка АД Битола кој штос е реализирал преку извршител а ценел дека сите побарувања на должникот кои што биле наведени во билансот заклучно со 31-12-2019 година била застарени.

Наведе дека ќе изврши проверување на паричните средства на сметките на должникот а со цел дали на истите има парични средства.

Привремениот стечаен управник констатирал дека должникот е сопственик на четири транспортни возила согласно податоци во потврда број 12.1.6.7-95/2025 од 29-04-2025 година но од увидот во списите на стечајниот предмет СТ.бр.29/23 констатирал дека сите овие возила се предмет на залог во корист на Управа за јавни приходи воспоставен од претходниот сопственик на истите Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ЕУРОИТА-ЕКСИМП ТРАДЕ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци-во стечај кој што во текот на стечајната постапка бил бришан субјект.

Привремениот стечаен управник констатирал дека трите трансакциски сметки на должникот се блокирани подолго од 45 дена и дека должникот е неликвиден како трговско друштво.

Од увидот во уверение број 1108-147/2024 од 14-04-2025 година на Агенција за катастар на недвижности привремениот стечаен управник констатирал дека должникот не е запишан во како носител на права врз недвижности.

Од увидот во Потврда број 08-1388/2 од 10-04-2025 година на Централен депозитар за хартии од вредност привремениот стечаен управник констатирал дека должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност.

Од увидот во Информација број 0820-24/23 од 14-04-2025 година на ЦР на РСМ привремениот стечаен управник констатирал дека за должникот не е евидентиран податок дека основач содружник во друг субјект.

Привремениот стечаен управник во изготвениот Извештај преку увид во потврда за издадена информација од Заложен регистар на ЦР на РСМ од 14-04-2025 година констатирал дека врз патничко возило сопственост на лицето Благица Ташева Илиев е воспоставен залог во корист на Управа за јавни приходи како и залог на трговска стока во магацин а во корист на Стопанска Банка АД Битола.

Во Извештајот за економско финансовата состојба на должникот, како и во својата изјава дадена на рочиште одржано на ден 06-05-2025 година привремениот стечаен управник оцени дека должникот е неликвиден ,дека не ја извршува својата дејност од 2020 година и дека сметано од 2020 година не поднесува завршни сметки , дека не може да ги исплаќа своите обврски на денот на нивното доспевање , со блокирани жиро сметки, но дека должникот има во сопственост имот од кои би можело да се формира стечајна маса и над кој може да се спроведе стечајна постапка заради покривање на трошоците на постапката и евентуално намирување на побарувањата на доверителите .

Привремениот стечаен управник оцени дека се исполнети условите судот да го усвои предлогот на должникот како подносител на предлогот , да отвори стечајна постапка над должникот а во смисла на одредбите од чл.69 од Законот за стечај.

Извештајот на привремениот стечаен управник во целост беше прифатен од должникот преку неговиот полномошник.

Врз основа на Извештајот за економско финансовата состојба кај должникот за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот изготвени од привремениот стечаен управник и изведените докази , судот оцени дека предлогот поднесен од доверителот за отворање на стечајна постапка над должникот е основан и дека над должникот треба да се отвори стечајна постапка а од следните причини:

Согласно одредбата од чл.5 од Законот за стечај „ Стечај или реорганизација

над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање. Ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање".

Од увидот во изведените докази а посебно од извршениот увид во Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки број 0813-50/150120250003887 од 14-02-2025 година на Централен регистар на РСМ судот прифати за утврдено дека сметките на должникот се блокирани подолго од 45 дена.

Од извршениот увид во Извештајот за економско финансовата состојба кај должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот изготвен од привремениот стечаен управник судот прифати за утврдено дека должникот не е ликвиден , дека не може да ги измирува своите обврски и затоа судот оцени дека се исполнети условите од чл.5 од Законот за стечај и одлучи да отвори стечајна постапка над должникот.

Судот во конкретниот предмет од увидот во истите докази оцени дека должникот е сопственик на четири транспортни возила врз кои што е воспоставен залог во корист на УЈП , истиот има побарувања од купувачи, има залиха на стока и опрема кои што се оптоварени но за кои не е спроведено во целост извршувањето наведени во извештајот и книговодствената евиденција и дека согласно Извештајот и изјавата на привремениот стечаен управник ова дава можност да биде формирана стечајна маса од која би се намириле трошоците на оваа постапка како и побарувањата на доверителите .

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во ст. 1 и ст.2 од изреката на решението.

Судот согласно одредбата од чл.31 ст.3 од Законот за стечај, на предлог на доверителот-предлагач го именува стечајниот управник од листата на управници на овој суд а како што е наведено во ст.3 во изреката на решението.

Судот согласно одредбата од чл.69 ст.3, ст.4, ст.5 и ст.6 од Законот за стечај одлучи како во ст.4, 5, 6 и 9 во изреката на решението а согласно одредбата од чл.70 ст.1 и ст. 2 од Законот за стечај одлучи како во ст.7 и ст.8 во изреката на решението, а за објавувањето на решението е одлучено во смисла на чл.71 и чл.72 од Законот за стечај.

Поради наведеното следуваше, Судот да одлучи како во изреката на решението .

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр. 9/25 од 06-05-2025 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука согласно чл. 73 од ЗС:**
Против ова решение должникот има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**
1. Полномошникот на должникот Адвокат Стево Меноски
2. Стечаен управник - Зоран Денковски + оглас
3. Централниот Регистар на РСМ,Регистрациона Канцеларија во Велес
4. Агенција за катастар на недвижности Скопје Одделение во Кавадарци
5. Комора на Извршители ул. Костурски Херои бр. 66/4 Скопје
6. Стопанска Банка АД Битола,
7. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
8. Комерцијална Банка АД Скопје,

**Објавено на огласна табла на судот на ден 07-05-2025 година.**